ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 5/23



03.02.2023 година

# Р Е Ф Е Р А Т

**за избор на соработник во соработничко звање асистент од областа ОРТОДОНЦИЈА (30403-Фраскатиева класификација) на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје**

Во врска со објавениот конкурс во дневниот весник „Вечер" на ден 27.12.2022 година, за избор на соработник во соработничко звање асистент од областа „Ортодонција" (30403 - Фраскатиева класификација), наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје, на 176-та седница одржана на ден 16.12.2022 година, донесе Одлука бр.02-11346/1 за формирање Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Маја Поп Стефанова;
- проф. д-р Наташа Тошеска-Спасова - член;
- доц. д-р Ана Белазелковска Грежловска-член.

По направената анализа на доставените документи Рецензентската комисија има чест и задоволство до наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје да го поднесе следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

По објавениот конкурс за избор на соработник во соработничко звање асистент од областа „Ортодонција" (30403 - Фраскатиева класификација) на Факултетот за дентална медицина, во предвидениот рок се пријави само кандидат Фросина Волчески.

Врз основа на доставената Пријава бр.03-1442/1 од 29.12.2022 година и приложените документи: Професионална биографија – CV, Уверение за завршен прв и втор циклус интегрирани студии, Доказ за стекнат назив магистер од

соодветната област, Доказ за познавање на странски јазик и Уверение за државјанство, Рецензионата комисија го констатира следното:

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Фросина Волчески е родена на ден 22.04.1985 година во Битола. Основно образование завршува во О.У. "Санде Штерјоски" во Кичево. Во 2000г. го продолжува своето образование и се запишува во ДСМУ „Д-р Јован Калаузи" Битола, насока: Забен техничар.

После завршувањето на средното образование, во 2004 година се запишува на додипломски студии на Стоматолошкиот факултет при универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во 2009г. ги завршува додипломските студии и се стекнува со диплома за доктор по дентална медицина.

Во октомври 2018 се запишува на втор циклус студии на универзитетот "Jaume I" во Кастелон - Валенсија, Шпанија во времетраење од 2018 до 2020г, при што се стекнува со титула магистер по неуромускуларна ортодонција и краниомандибуларна ортопедија.

Во мај 2019 година се запишува на специјализација од областа на Ортодонција на Универзитетскиот стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" Скопје. Специјалистичките студии ги завршува на 06.12.2022 и се стекнува со звање специјалист по ортодонција.

Фросина Волчески почнувајќи од септември 2009 година па се до денес учествувала на студентски конгреси, на годишни стоматолошки конгреси и симпозиуми, како и на конгреси, курсеви и работилници од меѓународен карактер. Од 2018 до денес интересот и е насочен кон ортодонтската област и посетува стручни и научни конгреси, симпозиуми како и работни курсеви од истата област.

Своето работно искуство го започнува во 2010 година со практична работа со пациенти во ПЗУ „Дентива" во Кичево, а од 2014-2019 во ПЗУ "Интергин" Скопје. Во периодот од 2019 - 2022 година го обавува својот специјалистички стаж во

рамките на програмата за специјалистички студии на УСКЦ "Св. Пантелејмон", Скопје. Од 02.11.2022 е вработена во ПЗУ-УСКЦ „ПРОФ. Д-Р БОЈО АНДРЕСКИ" Скопје на работно место - Доктор по стоматологија.

## 2. РАБОТНИ КУРСЕВИ И ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

- Работен курс за примена на високофреквентен ласер во стоматологија

  24-27 мај 2012
- Работен курс за апликација на плазма PRP

  октомври 2015
- "Treatment of Class III Malocclusion in Growing and Adult Patients"

  Prof.Dr. Nazan Kücükkeless 30 март 2019
- "Diagnosis, treatment planning and therapy of different malocclusions with MB 5.0 Straight Wire appliance" Dr.Danielle Cantarella
- Интернационална летна школа за ортодонција

  2021 август/септември

  Универзитет за Дентална Медицина Ријека, Хрватска
- Accessible and Practical Biomechanics-Treating and Finishing with Excellence Prof.Kleber Meireles, Brazil 2021-2023
- Maxillary skeletal expansion (Won Moon)

  July 2022 Treviso, Italy
- Лингвална техника 2D

  септември 2022 - Ortho Expert

## 3. ОБЈАВЕНИ СТРУЧНИ ТРУДОВИ

1. Volcheski F ; Savastano F ; Neuromuscular Concept in Orthodontics; Indian Dentist Research and Review; ISSN 0973 – 7499 IDRR, 2020; 10:46-52

2. Tosheska-Spasova N [1]; Dzipunova B [1]; Volcheski F [1]; Tasevska A [1]; Perchinkovska-Petkova S [2]; Nikoloska M [2]; Shukov K [2]; Simjanovska S [2]; Family – Related Maxillary Deficiency Accompanied by Delayed Permanent Dentition: A Case Report; Journal of International Dental and Medical Research; ISSN 1309 -100 X; J Int Dent Med Res 2022; 15(3): 1290 -1297.

3. Volcheski F; Petrovska J; Aleksova Noveska E; Osmani V; A 36–Year–Old Female Patient Treated With an Occlusal Splint: A Case Report; Acta Medica Medianae: ISSN 1821 – 2794 DOI: 10.5633/amm. 2023.0312

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно изложената анализа на биографијата, професионалниот развој и резултатите на стручната, научната и научно-истражувачката работа на Фросина Волчески, како и од самиот преглед на изработените, рецензираните и објавени трудови, се гледа солиден наставен, научно - стручен и педагошки развој на кандидатот.

Врз основа на претходно наведеното, Рецензентската комисија има особено задоволство и чест да му предложи на Наставно – научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје, да ја избере Фросина Волчески за соработник во соработничко звање **АСИСТЕНТ** од областа **„Ортодонција"** (30403 - Фраскатиева класификација).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. проф. д-р Маја Поп Стефанова-Трпоска– претседател

   ______________________________

2. проф. д-р Наташа Тошеска-Спасова - член

   ______________________________

3. доц. д-р Ана Белазелковска Грежловска – член

   ______________________________